**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХОТЕЛСКИ ИНЖЕНЕРИНГ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102 – 218/4 од 26.4.2017 година, донесена на 168. седница на Наставно-научениот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 26.4.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за наставно-научната област *хотелски инженеринг* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, „Утрински“ и „Коха” на 10.4.2017 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Цветанка Ристова, магистер по меѓународен туризам. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Цветанка Ристова** е родена на 17 април 1990 година во Гевгелија. Основното образование го завршува во Гевгелија. Средно образование со одличен успех го завршува во 2008 година во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија на насоката Хотелски туристички техничар. Во студиската 2008/2009 година се запишува на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија на насоката Туризам. Студиите ги завршува во 2011 година со просек од 9,29 и се стекнува со диплома со стручен назив дипломиран менаџер по туризам.

Во студиската 2011/2012 година се запишува на постдипломски студии, насока Меѓународен туризам и ги продолжува студиите на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија. На 23 март 2015 година успешно ги завршува магистерските студии, со просек 9,75 и со одбрана на магистерскиот труд на тема „Хотелиерството во функција на зголемување на туристичкиот промет од транзитни туристи“ се стекнува со звање магистер по меѓународен туризам.

Во текот на нејзиното образование, кандидатката м-р Цветанка Ристова од средно до високо образование активно работи на зголемување на своите познавања од областа на туризмот и угостителство и изведува пракса во повеќе објекти низ Република Македонија, како Казино „Фламинго хотел“ во Гевгелија, Хотел „Аполонија“ во Гевгелија, Туристичка агенција „Савана“ во Гевгелија, Туристичка агенција „Дори“ во Гевгелија, Туристичка агенција „Путник“ во Гевгелија, Туристичка агенција „Одеон“ во Гевгелија и Хотел „Десарет“ во Охрид.

Од 1 октомври до 2013 година до 14 април 2015 година работи како волонтер во студентската служба на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија и како волонтер по стручни предмети на Катедрата за туризам.

Од 2015 година па до сега активно работи во полето на туризмот и угостителство, имено до јули 2016 г. како наплатувач на игри од среќа во МДФС Интернатионал груп (MacedonianDutyFreeShop), а од декември 2016 година па до сега работи како опслужувач на слот машини во Макотен ДООЕЛ – Казино „Фламинго хотел“.

Нејзината преокупација е стручно и научно надградување на нејзината личност преку перманентното образование во полето на туризмот и угостителството. За таа цел активно учествува во повеќе програми и курсеви и со успех ги има завршено истите.

Кандидатката м-р Цветанка Ристова поседува и сертификати за туристички водич, туристички придружник и раководител на туристичка агенција. Покрај ова поседува и легитимации за туристички водич и придружник од Здружението на туристички водичи

и придружници во Македонија. Исто така се појавува и како автор и коавор на научни и стручни трудови од доменот на хотелиерството и туризмот.

Од светските јазици го владее англискиот но и грчкиот, а има познавања и од италијански јазик и компјутерското работење (MsOffice - Word, Excel, PowerPoint, Publisher, FrontPage, Access и AdobePhotoshop).

Кандидатката ги исполнува сите законски услови предвидени за избор во асистент-докторанд односно има:

- Пријава;
- Диплома за завршено соодветно образование – одбранет магистерски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии;
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- По еден примерок од трудовите;
- Потврда за познавање на англиски јазик (Cambridge Certificate B1);

Препорака од двајца професори (вонреден) од соодветната научна област за која се врши изборот;

- Препораки од претходните работодавци;
- Еден примерок од магистерскиот труд;
- Уверение за државјанство.

***Наставно-образовна и научноистражувачкадејност***

***М-р Цветанка Ристова*** од 1 октомври до 14 април 2015 година работи како волонтер во студентската служба на Факултетот за туризам и бизнис логистика и како волонтер по стручни предмети на Катедрата за туризам. Како волонтер, кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност преку подготовка на електронски материјали за вежби, организирање на праксата, објавување на научни и стручни трудови и административни работи.

На Катедрата за туризам, м-р Цветанка Ристова успешно и активно учествува во подготовка на електронски материјали за вежбите на следниве предмети: Меѓународен туризам, Слободно време и алтернативен туризам, Информатички системи во угостителството и туризмот и Хотелиерство.

***Од научноистражувачката дејност ги објавила следниве научни и стручно-апликативни трудови:***

1. ***Ristova, Cvetanka****and AngelkovaPetkova,Tanja* (2015)The influence of transit tourists towards the development of hospitality in the Southeastern region. International Scientific Conference GEOBALCANICA, Skopje Macedonia, pp. 443-450. ISSN 1857-7636

Во овој труд е претставена важноста од разбирањето на туристичките потреби и желби на транзитните туристи со цел за развивање на хотелиерството во Југоисточниот регион. Анализирана е моменталната состојба на хотелиерството во Југоисточниот регион и покрај тоа спроведено е и истражување во три временски периоди (јуни – август 2013 година, ноември – декември 2014 година и март – април 2014 година). Исто така, трудот дава и предлог за формирање на адекватна туристичка понуда за транзитните туристи врз база на добиените податоци од спроведеното истражување.

2. *AngelkovaPetkova, Tanja and* ***Ristova, Cvetanka***(2015) Transitive as functional mark of the tourist location of Republic of Macedonia as precondition for developing transit tourism. International Scientific Conference GEOBALCANICA, Skopje Macedonia, pp. 457-464. ISSN 1857-7636

Авторите во овој труд Република Македонија ја таргетираат како транзитна земја благодарение на нејзината уникатна географска положба. Во првиот дел од трудот го анализираат туризмот во сегашната состојба и туристичко-географската положбата на Република Македонија. Согласно со тоа, потенцираат дека транзитивноста претставува функционален белег кој Република Македонија го остава неискористен и несоодветно

поврзан со туризмот. Авторите во вториот дел прават обид за анализирање на туристичкиот сообраќај во земјата и претставуваат врска помеѓу туристички сообраќај и транзитниот туризам, кое би довело до развивање на транзитнот туризам, но со претходно дефинирање на тоа кои се транзитните туристи и што претставуваат тие.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, а врз основа на направениот преглед и евалуација на наставно-образовната и научноистражувачката работа на кандидатката м-р Цветанка Ристова се констатира дека таа поседува квалитет и способности, располага со неопходни вештини потреби за реализирање на образовната и истражувачката дејност, нејзината работа е континуирана и ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокaта област и проблематиката која што се однесува на областа за којашто и кандидатката конкурира и со тоа ги исполнува законските критериуми за избор во звање асистент-докторанд.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека м-р Цветанка Ристова ги исполнува предвидените законски и други услови и има посебна чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да ја предложи **кандидатката м-р Цветанка Ристова да ја избере во звањето асистент-докторанд за научната област хотелски инженеринг.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Митре Аврамовски, редовен професор - претседател, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Тунтев, редовен професор – член, с.р.**
**Проф. д-р Златко Јаковлев, вонреден професор – член, с.р.**